*Република Северна Македонија*
*Општина Штип*
*Бр. 18-1082/5*
*21.03.2024*
*Ш т и п*

Врз основа на член 29, член 38 и член 50 од Законот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр. 32/20 и 111/23), градоначалникот на Општина Штип донесе:

ОДЛУКА
ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА И ЈАВНА АНКЕТА
ПО ИЗГОТВЕН
ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА БЛОКОВИ ЈИ 02.01 И ЈИ 02.04,
ОПШТИНА ШТИП
ПЛАНСКИ ПЕРИОД 2023-2028

Член 1

Со оваа одлука се организира јавна анкета и јавна презентација на изготвен Детален урбанистички план за блокови ЈИ 02.01 и ЈИ 02.04, Општина Штип. Просторот дефиниран за изработка на Детален урбанистички план за блокови ЈИ 02.01 и ЈИ 02.04, Општина Штип, со својата местоположба припаѓа на територијата на Општина Штип сместен во југоисточниот дел на градот во непосредна близина на река Отиња и браната на р.Отиња.

Опфатот е дефиниран со следните граници:

Планскиот опфат за предметниот Детален урбанистички план за блокови ЈИ 02.01 и ЈИ 02.04, Општина Штип е дефиниран со следните граници:

- На северо-исток границата се протега по осовината на сервисна улица Сутлак
- На југо-исток границата се протега по осовината на собирна улица Каваклија
- На југо-запад границата се протега по осовината на собирна улица Каваклија
- На северо-запад границата се протега по осовината на сервисна улица Сутлак

Површината која ја опфаќа опишаната граница изнесува 21.59 ха

Член 2

Соопштението за организирање на јавна анкета и јавна презентација ќе биде објавено на веб страната на Општина Штип и во информацискиот систем на е урбанизам, печатени плакати и соопштенија во и околу планскиот опфат и на информациската табла на Општина Штип

Член 3

Согласно законската регулатива од областа на урбанистичко планирање Јавната анкета и јавната презентација на Детален урбанистички план за блокови ЈИ 02.01 и ЈИ 02.04, Општина Штип - Плански период 2023-2028 - ќе се спроведе со излагање на Деталниот урбанистички план во информацискиот систем на е урбанизам, печатени плакати и соопштенија во и околу планскиот опфат и на информациската табла на Општина Штип

ЈАВНАТА АНКЕТА ќе трае 30 дена и тоа од 16 Април 2024 год (Вторник) и истиот ќе трае до 15 Мај 2024 год (Среда), а јавната презентација со стручно презентирање на планот ќе се одржи на ден 10 Мај 2024 (Петок) во 12:00 часот во просториите на Сала 2 на Општина Штип.

Член 4

Целокупната документацијата на горенаведениот план ќе биде изложена на јавно место, во информацискиот систен на е урбанизам и во просториите на Одделение за урбанизам, градежништво, станбени работи и заштита на животната средина на Општина Штип

Член 5

Заинтерисаните граѓани и правни лица можат да да ги достават своите забелешки по однос на горенаведената планска документација во електронска форма преку информацискиот систем на е урбанизам или во писмена форма преку архива во времетрањето на јавната анкета

Член 6

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување.

**ОПШТИНА ШТИП**
Градоначалник
Иван Јорданов

*ОпштинаШтипул. „Васил Главинов" бр. 4Б, 2000 Штип, Република Северна Македонија*
*Тел: (032) 22 66 00 Факс: (032) 22 66 01*
*Вебстрана: www.stip.gov.mk е-пошта: gradonacalnik@stip.gov.mk*